Акционерско друштво за стопанисување со
деловен простор во државна сопственост
Бр. 05-2967/13
201 год.
СКОПЈЕ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА
СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР
ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

ул. Орце Николов бр. 138, Скопје, пошт. фах 38, телефон: 3226-072

Врз основа на член 142 став 6 од Законот за јавни набавки („Сл. весник на Република Македонија" бр. 136/07 ,130/08 ,97/10, 53/11, 185/11) , пречистен текст Сл.весник бр.24/12. член 24 од Статутот на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје,врз основа на Записник од отворање на понуди бр.05-2967/6 од 28.01.2013г. и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка број 05-2967/7 од 28.01.2013 година од Комисијата за јавни набавки по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр. **08/2012** за јавна набавка од отворена постапка со електронска аукција, Директорот на Друштвото донесе :

# О Д Л У К А
## за избор на најповолна понуда
## за Набавка на возила

На основ на Записник од отварање на понуди бр.05-2967/6 од 28.01.2013г година и Извештај од спроведена постапка за доделување на договор за јавна набавка бр. 05-2967/7 од 28.01.2013 година по оглас за доделување на договор за јавна набавка бр.08/2012 од Комисијата за набавки на АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост Скопје по Одлука за јавна набавка бр.05-2967/2 од 13.12.2012 година, за јавна набавка со отворена постапка со електронска аукција за **Набавка на возила** договорот за јавна набавка се доделува на:

**„Еуроимпекс " ДОО**
**Ул„ 3-та Македонска бригада" бр.72-Скопје**

Изборот е извршен врз основа на рангирање на 1 (една) прифатлива понуда.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во рок од 3 (три) дена од донесувањето на одлуката писмено да го извести понудувачот за Одлуката за доделување на договор за јавна набавка и да достави копија од предметната Одлука во прилог на известувањето.

Се задолжува Комисијата за јавни набавки во известувањето да го извести понудувачот чија понуда е избрана за најповолна.

Се задолжува Секторот за правни и општи работи по конечноста на оваа Одлука, да изготви Договор за доделување на јавна набавка со носителот на најповолна понуда, во се спрема понудата, записникот, извештајот, моделот на договор и условите од тендерската документација

Се задолжува Секторот за стопанисување со деловен простор за реализација на предметниот договор за јавна набавка.

Правна заштита

Секој економски оператор кој има правен интерес за добивање договор за јавна набавка и кој претрпел или би можел да претрпи штета од евентуално прекршување на одредбите од Законот за јавни набавки, може да бара правна заштита против одлуките, дејствијата и пропуштањата за превземање на дејствија од страна на договорниот орган во постапката за доделување на договор за јавна набавка.

Жалбата се изјавува до Државната комисија за жалби по јавни набавки.

Жалбата се поднесува лично или по препорачана пошта истовремено до договорниот орган и до Државната комисија.

Жалбата се изјавува во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката со која се одлучува за поединечно право од постапката за доделување на договор за јавна набавка, во однос на утврдувањето на способноста на пријавите за учество или евалуација на понудите и одлуката.

**Генерален Директор**
**Шеваљ Цеку , дипл.социолог**

**доставено до:**

- Сектор за стопанисување со деловен простор
- Сектор за финансии
- Сектор за правни и општи работи
- Комисија за јавни набавки-Кире Бузлиев
- архива